Информирај се за можните опции за третман!

# ОПЦИИ ЗА ТРЕТМАН НА ХРОНИЧНА БУБРЕЖНА БОЛЕСТ ВО ТЕРМИНАЛНА ФАЗА

## Домашна терапија

Достапна опција за третман во домашни услови е Перитонеалната дијализа.

**Перитонеална дијализа (ПД)**

Кога се изведува перитонеална дијализа (ПД) се користи перитонеумот, природна мембрана која ја обложува внатрешноста на стомачната празнина, како мембрана за дијализа. Перитонеумот поседува мали пори-филтри, преку кои се елиминираат непотребните материи и вишокот на вода од крвта на организмот. Обуката за самостојно изведување на перитонеална дијализа ја добивате во Вашиот центар за дијализа.

**Постојат две опции за третман со перитонеална дијализа, рачен и автоматизиран начин со помош на апарат.**







**Континуирана амбулантна перитонеална дијализа (КАПД)**

Се изведува рачно, три до четири пати во тек на 24 часа (на 6 до 8 часа). Втекувате раствор преку катетер во стомачната празнина, за да може да го собере вишокот на вода и сите непотребни материи од организмот, кои потоа заедно со дијализниот раствор преку катетерот се истекуваат од организмот. Процедурата трае во просек околу 30 минути.

**Автоматизирана перитонеална дијализа (АПД)**

Се изведува во текот на ноќта, додека спиете, со апарат кој автоматски втекува раствор во стомачната празнина преку катетер. Со помош на растворот во стомачната празнина се врши елиминација на непотребните материи и вишокот на вода. Терапијата се изведува секоја ноќ и трае просечно 8 часа.

**Перитонеалната дијализа Ви овозможува:**

- **Приватно и безбедно изведување на дијализата во домот**
- **Прилагодување на третманот на Вашиот животен стил и секојдневните активности**
- Материјалите за изведување на перитонеална дијализа се преносливи и може да се изведува и во други простории надвор од домот
- Нема контакт со крв при изведување на ПД
- Не е потребно да патувате во центар за дијализа!
- **Сите материјали за перитонеална дијализа, Ви ги доставуваат на адресата на која живеете, престојувате!**

## Болничка терапија




**ХЕМОДИЈАЛИЗАТА се изведува во Центар за хемодијализа**

Кога се изведува хемодијализата, се користи вештачка мембрана за дијализа (апарат за хемодијализа) за елиминирање на непотребните материи и вишокот на вода од крвта на организмот. За да изведувате хемодијализа, потребен е пристап до крвотокот на организмот, катетер во вена или фистула (се спојува вена со артерија, под кожата на подлактицата). За време на третманот, крвта од Вашето тело преку катетерот или фистулата поминува низ вештачка мембрана за хемодијализа на апаратот за хемодијализа.

Потребно е да посетувате Центар за хемодијализа за да изведете хемодијализа (3 пати неделно по 4 часа во фиксен распоред).

## Трансплантација

Трансплантацијата е хируршка процедура при која здрав бубрег од донор се поставува во внатрешноста на долниот дел на Вашиот стомак и се поврзува со Вашите крвни садови и бешика. Донорот може да биде жив донор или кадевер – лице кое потпишало согласност да ги донира своите органи после смртта.

Овој документ се базира на објавени научни докази (од 2016 година) и упатства за клиничка пракса од професионални здруженија. Наменет е за да се користи како еден од многуте фактори за управување со ПД пациенти и не ја заменува добрата медицинска и клиничка проценка. Понатаму, индивидуалните околности на пациентите мора да се земат во предвид, како и насоките на соодветните нефролошки оддели и други здруженија. Не се ослонувајте на овој документ самостојно.

**ФАРМИКС Д.О.О.Е.Л - Скопје**
**Носител на одобренијата на производите на Baxter во Р. Македонија**
ул. Мирослав Крлежа 29/2
1000 Скопје, Македонија
Тел: +389 2 3109-200
Факс: + 389 2 3132-932
Број на промотивен материјал: MAC-PD001/17
Изработено: Декември 2017

Baxter